РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 19-490/1
26.01. 20 11 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/2002,44/2002 и 82/2008 и 167/2010), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високо образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/2010), Министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на измени и дополнување на студиски програми од прв и втор циклус универзитетски студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на интегрирани универзитетски студии од прв циклус, тригодишни студии, студиска програма по Архитектура и интегрирани петгодишни универзитетски студии, прв и втор циклус на студиска програма по Архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивањето од страна на Одборот за акредитација на Решение бр.12-139/6 од 29.07.2010 година за акредитација на измени и дополнувања на студиска програма за интегрирани универзитетски студии од прв циклус, тригодишни студии, студиска програма по Архитектура и Решение бр. 12-139/5 од 29.07.2010 година за акредитација на интегрирани петгодишни универзитетски студии, прв и втор циклус на студиска програма по Архитектура, Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање број 03-106/9 од 19.08.2010 година до Министерството за образование и наука за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на измени и дополнување на студиските програми за прв и втор циклус универзитетски студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Министерот за образование и наука, со Решение број 12-5752/2 од 02.09.2010 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми за прв и втор циклус универзитетски студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

На ден 06.12.2010 година, Комисијата изврши увид за исполнетоста на условите за почеток со работа и изготви Извештај број 12-5752/3 од 12.01.2011 година, во кое е наведено дека Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува условите за почеток со работа на студиските програми за прв и втор циклус универзитетски студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високо образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/2010,168/2010).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 31 I 2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 57/2 | | |

МИНИСТЕР,
Никола Тодоров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ
2

Доставено до:
- примач
- архива

изготвил: Билјана Ивковска
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: м-р Агим Рушити